Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Велес, на ден 22.11. 2019 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ УПВНМ за стопански комплекс од група на класи на намена Г (производство, дистрибуција и сервиси) со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП 1019/4, 1015/1 и 1016/1, КО Башино село, општина Велес потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ УПВНМ за стопански комплекс од група на класи на намена Г (производство, дистрибуција и сервиси) со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП 1019/4, 1015/1 и 1016/1, КО Башино село, општина Велес се определуваат следните: општина Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН и др.

3. За планскиот документ УПВНМ за стопански комплекс од група на класи на намена Г (производство, дистрибуција и сервиси) со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП 1019/4, 1015/1 и 1016/1, КО Башино село, општина Велес, за чија изработка е одговорно Планерис Куманово, а го донесува општина Велес, донесувањето на планскиот документ УПВНМ за стопански комплекс од група на класи на намена Г (производство, дистрибуција и сервиси) со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП 1019/4, 1015/1 и 1016/1, КО Башино село, општина Велес ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Велес на следната веб адреса/и: www.veles.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.
Место: Велес

Градоначалник
Аце Коцевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ВЕЛЕС ОПШТИНА ВЕЛЕС